... СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
... ПРОБИШТИП

04-129/13
22.11.21

Врз основа на член 52 став (1) од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" број 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/ 16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 275/19 и 14/20) и доставената финална ранг листа на интервјуирани кандидати и предлог одлука за избор на прворангираниот кандидат број 04-129/12 од 19.11.2021 година, по спроведен интерен оглас број 02/2021 година објавен на веб страната на Агенцијата за администрација објавен на ден 30.07.2021 година, Директорот на ЈОУДГ „Гоце Делчев" Пробиштип донесе:

**ОДЛУКА**

за избор на кандидат по објавен интерен оглас за унапредување на административни службеници во ЈОУДГ „Гоце Делчев" Пробиштип

1. За работно место ДЕЗ 01 02 В02 001 – Виш соработник – секретар – 1 извршител објавено во интерен оглас број 02/2021 од страна на ЈОУДГ „Гоце Делчев" Пробиштип за унапредување на административн службеник се избира следниот кандидат:

   - **Елена Арсова** за работно место ДЕЗ 01 02 В02 001 – Виш соработник – секретар

2. За работното место од точката 1 на оваа Одлука се обезбедени финансиски средства од Министерството за финансии за тековната фискална година (2021).

3. Оваа одлука влегува во сила по истекот на рокот за жалба.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**:

По добиено известување за обезбедени финансии за фискалната година (2021) број 18-6006/2 од 28.07.2021 од Министерство за финансии за унапредување на едно (1) лице на работно место – Виш Соработник – секретар, ЈОУДГ „Гоце Делчев" Пробиштип на ден 30.07.2021 година објави интерен оглас број 02/2021 на веб страната на Агенцијата за администрација за унапредување на административни службеници во јавната установа.

Постапувајќи по одредбите од Законот за административните службеници, Комисијата за селекција за унапредување со записник број 04-129/11 од 19.11.2021 година изврши административна селекција по интерниот оглас и констатира дека за огласот за работно место Виш соработник-секретар уредно се пријавил еден (1) кандидат.

На ден 19.11.2021 година во просториите на Агенцијата за администрација со уредно пријавениот кандидат се спроведе интервју за што постои и Записник број 04-129/12 од 19.11.2021 година и се изгови финална ранг листа на интервјуирани кандидати и предлог одлука за избор на прво рангиран кандидат по интерен оглас број 02/2021, при што се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право на жалба до Агенцијата за администрација во рок од осум дена од денот на објавување на одлуката на веб страната на Општина Пробиштип.

ЈОУДГ „Гоце Делчев"Пробиштип
Директор,
Љупка Јаневска